Медиум
весник за сите средношколци
Петок, 24.02.2017; година IV; бр. 28
www.medium.edu.mk

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

# Младите не користат често кондоми, а истополовите вљубувања се табу-тема

Истражувањето на Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници за безбедноста на младите и нивниот сексуален развој и искуства покажале дека младите не се безбедни при првите сексуални искуства, недоволно се информирани и поради тоа се жртви на насилство во училиштата, особено оние кои се со нагласена хомо и бисексуална ориентација



стр.5



ФАЦА НА МЕСЕЦОТ ИЗАБЕЛА ПАН, ЈУТЈУБЕРКА

стр. 3



МАРКО МАРКОВИЌ ГО ОСВОИ ПРВОТО МЕСТО ЗА ОСНОВНА ИТ-ПИСМЕНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

стр. 6



МЕДИУМСКА РАБОТИЛНИЦА ВО ГИМНАЗИЈАТА „НИКОЛА КАРЕВ“

стр. 8

ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
НОВА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**
**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Билјана Костова,
професорка по македонски јазик и литература,
СУГС „Никола Карев“

# Да се воведе сексуално образование во училиштата

Темите за сексуалноста, за сексуалното и репродуктивното здравје на младите во Македонија се отвораат бавно и селективно. За родово-идентитетските прашања, за родовата припадност и изразување, сексуалната ориентација, сè уште не постои подготвеност да се разговара отворено и аргументирано. Како професор по македонски јазик и литература во гимназијата „Никола Карев“ секојдневно се соочувам со млади луѓе кои лутаат во просторот наречен тинејџерски години, барајќи се себеси во лавиринтот на измешани чувства, емоции, стравови, надежи, проблеми. Работата со нив во изминатите десетина години ме натера да ги препознавам нивните проблеми и да им помагам колку што можам и умеам. Увидов дека момчињата и девојчињата имаат огромни разлики во своите сфаќања за многу теми во животот, но речиси идентични проблеми поврзани со нивното сексуално и репродуктивно здравје.

Поаѓајќи од таа моја желба да помогнам на една ученичка, која имаше сериозни психички и здравствени проблеми (обид за самоубиство поради прераната бременост), ги разгледував сите можности кои ги нуди образовниот систем во Македонија. И, погодете што? Не најдов одговор на моите прашања. Во образовните програми за средното образование во Македонија, средношколците немаат можност да си помогнат себеси за она што ги интересира. Тие млади луѓе се соочуваат со големи проблеми - не се информирани, не знаат каде да побараат помош, се срамат своите прашања да ги постават на возрасен, се двоумат дали да стапат во интимни односи, а и не знаат кога е време да имаат интимни односи со момчето /девојката. Во ниту еден предмет, во ниту една проектна активност во средното образование не се нуди помош за нивните дилеми како што се сексуалноста, сексуалното здравје, родовата припадност, улогите на врските во општеството, однесувањето и детските права. Младите луѓе имаат потреба од сексуално образование во училиштата, но оваа нивна потреба никој не ја разбира сериозно. Ова сознание произлегува од резултатите на истражувањето со млади на 15 години - „Колку се еднакви и безбедни младите во Македонија во нивниот сексуален развој и сексуални искуства?“ на коалицијата Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници и „Љубов само по часови“ на ХЕРА. Избегнувачкиот став на образованието кон темите за сексуалноста, како последица, има високи ризици за сексуалното и репродуктивното здравје на младите, но и за нивното ментално, емоционално и социјално здравје. А токму образованието треба да биде главниот катализатор во уривање на табуата, во симнување на маските и во поставување на овие прашања високо меѓу приоритетите за подобро здравје.

Ова истражување покажа дека младите од Македонија не се безбедни и доволно подготвени за првите сексуални искуства и интимни релации. Нивната грижа за себе и за сопственото (сексуално) здравје е периодична, ненавремена и со високи меѓуродови разлики, за сметка на девојчињата. Особено се загрижувачки податоците за родовата нееднаквост во сексуалното здравје и добросостојба. Имено, 15-годишните млади со рани сексуални искуства се со повисок ризик за нивното сексуално, ментално и психосоцијално здравје од младите без сексуални искуства, при што и девојчињата и момчињата страдаат еднакво, на родово „својствен“ начин. Додека сексуално искусните момчиња се понасилни од девојчињата, тие се и почести жртви на малтретирање и на сексуално вознемирување и напади. Девојчињата, пак, своите први сексуални доживувања најчесто ги манифестираат преку чувства на несоодветност и повлекување. Со реакции многу почесто свртени кон себе - нервози, депресивни расположенија, самоповредувања и идеи за самоубиство.

Учениците сметаат дека треба да се воведе соодветно сексуално образование во училиштето, како институција каде што можат да добијат одговори на прашања поврзани со сексуалноста. Бидејќи немаат позитивни ставови и вредности за сексуалноста, многу лесно ги прифаќаат постојните предрасуди и стереотипи.

Односно, само со промени во образовниот систем заснован на истражувачка евиденција и добри практики можеме да дојдеме до промени и вистински решенија. На тој начин средношколците ќе ги најдат одговорите на прашањата кои секојдневно ги мачат.

# Работилница по фотографија во природа




Ученици од трета година од меѓународната матура при гимназијата „Јосип Броз“ во Скопје, овој месец работилницата по фотографија, под менторство на професорките Ангелина Дамјановска Наумовска и Кристина Атанасова, ја одржаа во Градскиот парк. Имаа можност да фотографираат со професионални апарати и да доживеат едно поинакво искуство.

Работилницата, која се одржува еднаш неделно, ја водат учениците Сергеј Сарчевски и Филип Цветков, а како проект започна во ноември 2016 година. Замислена е да трае неколку месеци и да се заокружи со изложба на која ќе бидат презентирани фотографии од сите учесници на работилницата.

# Со уметнички израз против употребата на дрога

Средношколци од девет средни училишта од главниот град на Македонија учествуваа на завршниот настан за проектот „Советувалишта за превенција од дрога“, што го организираше невладината организација Х.Е.Р.А. во соработка со Град Скопје. Учениците имаа различни уметнички настапи во шест категории: поезија, театар, танцова изведба, видео, фотографија и ликовна изложба. Целта на настанот, именуван како „Изборот нека биде среќа“, имаше за цел поголема информираност на младите за заштитата од дроги и намалување на последиците, како и поддршка на лицата на кои им е потребна помош.



Во рамките на соработката меѓу Градот Скопје и Х.Е.Р.А, пред пет години, на Водно, беше отворено и советувалиште за средношколци за превенција од дроги. Учениците може да го посетат со своите родители или професори и да ги дознаат одговорите на сите прашања во врска со оваа тематика. Неговата цел е превентивна, да ги одврати младите луѓе од овој порок.

МЕДИУМ

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004 и Жарко Василевски, zarko.v@nova-makednoija.com.mk

**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска

**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734

**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

**Проектот е финансиран од Европската Унија**

„ФАЦА НА МЕСЕЦОТ“

ИНТЕРВЈУ СО ИЗАБЕЛА ПАН, ЈУТЈУБЕРКА И БЛОГЕРКА

# Снима хумористични видеа, сака глума и не сака да порасне



Изабела Пан е студентка по турски јазик и книжевност, во исто време глуми во Македонскиот народен театар, по кафулињата настапува како стендап-комичарка и е една од најпознатите македонски јутјуб-блогерки. Нејзините почетоци датираат уште од 2013 година, а за помалку од четири години стекна огромна популарност. На социјалните мрежи има околу 13.000 следбеници, што е еден вид показател за нејзиниот успех.

Емисиите во кои гостува се едни од најгледаните, а претставите од кои е дел - најпосетувани.

Себеси се опишува како бушава, позитивна, девојка која сака „дуксери“.

Ни претставуваше огромно задоволство да поразговараме со оваа талентирана млада девојка, која изобилува со позитивна енергија. На нејзината фан-страница на Фејсбук е запишано и нејзиното мото - „Никогаш немој да пораснеш, тоа е стапица“, како и тоа дека била дел од претставите „Народен пратеник“, „Госпоѓа министерка“, „Снежната кралица“, „Тага“, „Женска власт“, хуманитарните претстави „Луда куќа“ и „Погрешни подароци“ и други. Неодамна на својата фан-страница на Фејсбук го промовираше и својот краткометражен аматерски филм „Хуман“.

**МЕДИУМ:** Која е всушност Изабела Пан, кажи ни што е она што те инспирираше да започнеш со снимање видеа и да ги поставуваш на Јутјуб?

**ИЗАБЕЛА:** Јас сум всушност Изабела Јакимова, 19-годишна девојка од Скопје, која никогаш нема да го изгуби детето во себе, ниту на 70 години. Првично во прашање беше мојот сопствен обид за трансформација во повеќе ликови, па така првите видеа беа именувани „Авантурите со близнак“, а потоа започнав и со други на различни теми, како и со скечеви.

„Пан“ е име од анимираниот лик Петар Пан, кој ми е омилен и чија психологија ја обожавам. Ги знам сите варијанти на ликот, како и целата приказна за него.

**МЕДИУМ:** Веројатно како и секој почеток и твојот беше тежок? Но како дојде до овој степен на популарност?

**ИЗАБЕЛА:** Да, почетоците беа тешки, но со силна желба и напорна работа ништо не е невозможно. Искрено не знам ни самата. Беше навистина неочекувано и изненадувачки. Се сеќавам дека видеото „Турски серии“ беше пресвртницата кога започнаа да растат гледаноста и бројот на следбеници.

Воопшто не планирав да станам јутјуберка, сепак најголема желба уште од детството ми беше да станам актерка. И сѐ уште тоа е мојата цел. Јутјуб-видеата ми се хоби кои, всушност, многу ми помагаат да се здобијам со поголемо искуство на полето на трансформации.

**МЕДИУМ:** Што е тема во твоите видеа, дали моменталната состојба во нашата држава има влијание врз тебе при изборот?

**ИЗАБЕЛА:** Политичката состојба нема влијае, бидејќи не се мешам во политика. Тема ми е секојдневниот живот на просечниот Македонец, Балканец, потоа проблеми со автобуси, таксисти и друго.

**МЕДИУМ:** Дали добиваш негативни коментари и како се соочуваш со нив?

**ИЗАБЕЛА:** Секако дека да. Доколку е конструктивна критика, ја прифаќам и се трудам да се поправам, а доколку е навреда или ширење негативна енергија, едноставно игнорирам.

**МЕДИУМ:** Освен што имаш свој канал на мрежата Јутјуб, глумиш и во театар. Какво е чувството да газиш на штиците што живот значат?

**ИЗАБЕЛА:** Отсекогаш сонував да станам актерка, а вистинското лице на Изабела може да го видите токму на таа сцена. Студирам турски јазик и книжевност на филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Далечната иднина не ја планирам, оставам таа едноставно да се случи. Единствениот план што го имам во моментов е да се запишам на Факултетот за драмски уметности.

**МЕДИУМ:** Дали е тешко да го организираш своето време со сите обврски што ги имаш? Како го поминуваш слободното време? Што би им порачала на фановите?

**ИЗАБЕЛА:** Кога се сака, би рекла, ништо не е тешко. Слободното време го поминувам во спиење (се смее). На моите фанови, кои ги сакам неизмерно, би им порачала да продолжат да ме следат и да не се откажуваат никогаш од своите соништа.

Срна Мајсторовиќ и Христина Балканов,
ученички во гимназија „Р.Ј. Корчагин“ - Скопје

## Филмот „Хуман“ зборува за суровата трговија со луѓе и за предавството

Аматерскиот филм „Хуман“, кој неодамна беше промовиран на фан-страницата на Изабела Пан, а чиј автор е самата таа, односно Изабела Јакимовска, е во соработка со нејзината екипа од театар и со нејзини пријатели. Темата, како што објасни самата таа, е суровата трговија со луѓе, довербата и предавството.

- Инспириран е од вистинска случка која, се разбира, не е баш таква, нашата во филмот е малку хиперболизирана. Сценариото и режијата се мои, а филмот трае околу 12 минути - раскажа Изабела.

Пораката на краткометражниот филм е младите да внимаваат на кого веруваат, со кого се дружат, потпираат, прифаќаат работа. На прашањето дали и во иднина размислува да се посвети на снимање аматерски филмови, дали ќе бара спонзори, таа одговори дека има желба за уште еден ваков проект, но не размислувала за финансиската поддршка.

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

РАЗГОВОР СО ЕЛЕНА КОСТОВСКА, 16-ГОДИШНА ПОЕТЕСА

# Со стихови го осудува егоизмот и се бори за љубов и вистина









Елена Костовска е ученичка во трета година во СУГС „Никола Карев“ и досега има издадено 10 збирки поезија, на своја 16-годишна возраст.

Од рецензиите за нејзината поезија, напишани од професорката Мирјана Славевска, го дознаваме следново стручно мислење: „Нејзината интересна и необична поетска авантура бара придружба за да откриеме уште една несекојдневна вистина за нас, како на спојување на уште една планина до чиј врв ќе стасаме минувајќи низ питома убавина, но и низ сурови и опасни предели. Меѓу другото, младата, но веќе опитна поетеса, ќе покаже и познавање и сензибилитет за стихот на македонската народна песна. На овие стихови им посакуваме што побргу да се најдат меѓу читателите, да го добијат своето вистинско место во ризницата на македонското поетско богатство, но и да освојат и подалечни простори, зашто тоа навистина го заслужуваат“.

Засега Елена продолжува да го учи занаетчискиот дел на книжевното творештво, како и сите потребни финеси од просторот на естетиката, членувајќи во литературната секција предводена од професорката Билјана Костова. Во меѓувреме, Елена како творец и Билјана како ментор учествуваат на разни литературни конкурси, освојувајќи мноштво награди и признанија.

Ние како нејзини соученици сме импресионирани и воодушевени од нејзиниот успех и талент, па решивме да направиме интервју со неа.

**МЕДИУМ:** На која возраст почна да пишуваш поезија?
ЕЛЕНА: Ако не ги сметаме првите наивни обиди на пишување, кои беа во четврто и во петто одделение кога пишував претежно со рима, некаде на 12-годишна возраст почнав за првпат да пишувам модерна поезија која има повеќеслојна семантика во изразот.

**МЕДИУМ:** Кога ја објави твојата прва книга? Колку награди имаш добиено досега и која за тебе е од особено значење?
**ЕЛЕНА:** На 14 години, кога учев во осмо одделение ја публикував мојата прва стихозбирка со наслов „Ние“. Наградена сум повеќепати, па затоа не би знаела која им е точната бројка. А во просек, годишно, тоа се по десетина награди. Секое учество на конкурсите за мене претставува предизвик. Секоја награда е важна, со секоја се врзува некоја моја творба која, откако ќе ја напишам, некако станува творба сама за себе која продолжува да живее своја судбина. Но кога веќе ми е поставено ова прашање, би ги избрала „Рациновите средби“ на кои ја добив првата награда за поемата „Елегичните солзи на вистината“, меѓу конкуренција со ученици од сите средни училишта во Македонија.

**МЕДИУМ:** Од каде добиваш инспирација, за што најмногу сакаш да пишуваш? Кој е твојот омилен литературен род?
**ЕЛЕНА:** Инспирацијата најмногу ја црпам од секојдневието на човекот и од неговата околина. Секој детаљ или секоја ситница за мене може да претставува инспирација. Во мојот духовен свет се случува интеракција меѓу човекот и природата. Ги набљудувам човечките слабости оформени во неговите постапки и лични карактерни особини. Човекот што е предмет на моја опсервација се наоѓа во просторот на природата во која, пак, митските толкувања на натприродното се придружни орнаменти што ја продлабочуваат таа повеќеслојна книжевна опсервација. И животните и растенијата ги доближувам до човекот, ги споредувам со неговите карактеристики во духовна смисла, притоа барајќи некаква лабава дефиниција за заедничкото на сите форми на живот. Поновото творештво, пак, целосно е посветено на љубовта и на сите нејзини артикулации во ехото на секојдневието. Се обидувам да си ја објаснам таа појава на разни начини, гледајќи со очите на женската перцепција. Во секоја моја стихозбирка го осудувам егоизмот - основната препрека за пристојно живеење во дланките на љубовта.

А кога станува збор за омилен литературен род - би рекла дека тоа е поезијата. Засега преку тој литературен род сметам дека човек најпрецизно и најметафорично може да ја раскаже и изрази вистината и сите нејзини придружни манифестации: доброто, искреноста, посветеноста.

**МЕДИУМ:** Колку време ти е потребно за пишување на една збирка? Која ти е најомилена?
**ЕЛЕНА:** Кога станува збор за поезија, а и за која било друга уметност, никогаш човек не може да се ограничи во време и простор, бидејќи никогаш не знае колку ќе му биде потребно. Ми се случило една збирка да биде готова за две недели, а некоја друга да биде за неколку месеци. Омилена немам, меѓутоа имам три за кои сметам дека се најдобрите, од сите овие десет. Станува збор за „Сите наши лица“, поемите „Елегичните солзи на вистината“ и „Јана и Марко Крале“.

**МЕДИУМ:** Кои се твоите планови и амбиции за во иднина?
**ЕЛЕНА:** Најверојатно понатамошното школување ќе го продолжам на Филолошкиот факултет во Скопје, и себеси се гледам меѓу идните книжевници со многу песни, а можеби и со некој роман. Сепак, мојата натамошна стратегија е насочена кон создавање подлабока, посилна, а во исто време и поедноставна поезија, зашто за мене совршенството во уметноста се достигнува само преку едноставноста. Сакам да трагам во можностите на македонскиот јазик, зашто сметам дека тој јазик е еден од најубавите јазици на светот. Мојот мајчин јазик дава бесконечен простор за развивање на метафората, неговиот лексички фонд е благороден во поглед на значењата, а синтаксата дава јасна слика за она што сакаме да го кажеме.

Мила Петровска, Христина Кристовска,

„ТЕМА ЗА ДИЛЕМА“

**Истражувањето на Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници за безбедноста на младите и нивниот сексуален развој и искуства покажале дека младите не се безбедни при првите сексуални искуства, недоволно се информирани и поради тоа се жртви на насилство во училиштата, особено оние кои се со нагласена хомо и бисексуална ориентација**

# Младите не користат често кондоми, а истополовите вљубувања се табу-тема



Младите од Македонија не се безбедни и доволно подготвени за првите сексуални искуства и интимни релации, а притоа не им се непознати хомосексуалните и бисексуалните вљубувања, вклучувајќи ја македонската и албанската популација, покажуваат резултатите од истражувањето на Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници за безбедноста на младите и нивниот сексуален развој и искуства. Не се доволно информирани, често немаат каде да се обратат, учат од искуство, не користат често кондоми во сексуалните односи во однос на европскиот просек и немаат поддршка од семејството, пријателите, околината. Притоа се жртви на насилство во училишната средина, особено доколку се со различна сексуална ориентација.

Ирена Цветковиќ објасни дека истражувањето покажало дека процентот на младите со поинаква романтично-сексуална ориентација од хетеросексуалната се движи од 2 проценти кај македонските момчиња или 1 процент кај албанските момчиња, до 4,5 проценти кај македонските девојчиња, односно 5,2 проценти кај албанските девојчиња. Со други зборови, во едно училиште со околу 1.000 ученици, 10 од нив се идентификуваат или практикувале хомосексуални или бисексуални романтично-сексуални релации. Што добиваат тие во училишната средина? Кои се нивните предизвици, радости и болки? Каков статус уживаат?

- Нашето професионално искуство во Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници вели дека често се соочувавме со млади луѓе кои бараа помош, пред сè психо-социјална, поради проблеми со вознемирување, малтретирање и насилство во училишната средина. Работејќи низ годините со конкретни жртви сфативме дека имаме потреба од посеопфатен увид во состојбата на еднаквост и недискриминација во училиштата и меѓу младите. Поради тоа инвестиравме во истражувањето на тоа колку младите се еднакви и безбедни во нивниот сексуален развој и сексуални искуства. Резултатите од истражувањето од една страна беа аларм за нас, но од друга претставуваат добра основа во дефинирање на решенија кои ќе ја подобрат оваа состојба. Нашиот извештај говори за сериозни проблеми со кои се соочуваат младите генерално, но ЛГБТ младите особено. На пример, младите со хомо и бисексуална ориентација се многу почесто жртви на малтретирање во училиште, но и жртви на психичко и физичко насилство во домот, во споредба со нивните хетеросексуални врсници. Коалицијата оствари соработка со активот на стручни училишни служби на Град Скопје и веќе спроведуваме различни активности кои придонесуваат кон зголемување на знаењето и вештините на училишните психолози, педагози и специјални едукатори во работа со маргинализирани млади - изјави Цветковиќ за „Медиум“.

Како што рече, ова се само први чекори во ситуација каде што родовото базирано насилство и хомофобичното и трансобичното булирање во училишната средина се непрепознаени и често затскривани зад гестови на нормализирање.
- Силно веруваме дека се потребни сеопфатни реформи во образованието и дека внесувањето сеопфатно сексуално образование е вистинскиот чекор кон надминување на проблемите на овие млади - категорична е таа, за решавање на проблемите со кои се соочуваат младите по оваа основа.

Резултатите од истражувањето, меѓу другото покажале дека грижата на младите за себе и за сопственото (сексуално) здравје е спорадична, ненавремена и со високи меѓуродови разлики, за сметка на девојчињата. Меѓуродовата диспропорција од 12:1 во пријавените сексуални искуства на момчињата и девојчињата, односно од 9:1 во употребата на кондом при првиот сексуален однос во групата на етнички Албанци/ки, е силна евиденција за родовата нееднаквост во однесувањата поврзани со сексуалното здравје кај младите во Македонија.

- Ризичните однесувања се повеќе изразени кај младите со рани сексуални искуства, со голема веројатност тие да имаат и намалена поддршка од семејството и од врсниците, во споредба со нивните сексуално неактивни врсници. Имено, 15-годишните момчиња и девојчиња со рани сексуални искуства повеќе пушат, пијат и се опиваат од нивните сексуално неискусни соученици. Тие се понасилни, но често и самите изложени на насилство, особено на сексуално насилство. Момчињата дури двојно и тројно повеќе од девојчињата се жртви на малтретирање, физичко насилство и полов напад, што во услови на стриктни очекувања, да бидат силни, да возвратат, и со ограничени можности за справување (да не плачат, да не се жалат) ги прави уште поранливи и без алтернативи за успешен и безбеден одговор на проблемите со кои се соочуваат - се дел од заклучоците на истражувањето.

Преваленциите од користење контрацепциски средства при последниот сексуален однос кај младите во Македонија се под европските просеци добиени од 39 земји, и кај двата рода, со далеку најниска стапка на заштита со кондом кај девојчињата Албанки (20%). Истовремено, етничките Македонки исклучително ретко користат пилули (6%), што е најниска стапка на употреба на пилули споредено со другите европски земји. Во врска со користењето кондоми како најчесто средство за заштита меѓу младите во Македонија, резултатите покажале не само значајни меѓуродови разлики туку и разлики во заштита меѓу првиот и последниот сексуален однос. Овие разлики во преваленциите на заштита меѓу првиот и последниот сексуален однос говорат за веројатноста 15-годишните млади во Македонија да не се навремено информирани за прашањата поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје, вклучувајќи ги тука и нивните права, што ги прави недоволно подготвени за првите сексуални искуства и партнерски релации. Многу поверојатно е дека се тие препуштени самите на себе, што значи и дека учат претежно од сопствените искуства, со што се изложуваат на дополнителни ризици, меѓу кои и од сексуално насилство.

- Младите 15-годишници со рани сексуални искуства се со повисок ризик за нивното сексуално, ментално и психосоцијално здравје од младите без сексуални искуства, при што и девојчињата и момчињата страдаат еднакво, на родово „својствен“ начин. Додека сексуално искусните момчиња се понасилни од девојчињата, тие се и почести жртви на малтретирање и на сексуално вознемирување и напади. За разлика од нив, девојчињата своите први сексуални доживувања најчесто ги манифестираат низ чувствата на несоодветност и повлекување, со реакции многу почесто свртени кон себе (нервози, депресивни расположенија, самоповредувања и идеи за самоубиство). Последиците од ваквата родова поделба само ја потврдуваат родовата нееднаквост во сексуалното здравје и добросостојба на децата, но и големината на товарот кој секој сам мора да го носи, еднакво тежок и за двата рода. Во однос на хомо и бисексуалната ориентација (вљубеност), учениците на 15-годишна возраст во Македонија се почесто жртви на малтретирање во училиште, но и жртви на психичко и физичко насилство во домот во споредба со нивните хетеросексуални врсници.



Ирена Цветковиќ, Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници

- Силно веруваме дека се потребни сеопфатни реформи во образованието и дека внесувањето на сеопфатното сексуално образование е вистинскиот чекор кон надминување на проблемите на младите

- Младите од овие групи се речиси пет пати почести жртви на сексуално вознемирување и полов напад, за што е многу веројатно дека најчесто немаат кому да се обратат. Голем дел од нив се соочуваат со намалено разбирање во семејството и недоволна поддршка од родителите, но и од врсниците. Овие млади речиси не се дружат навечер и надвор од училиштето. Маргинализирани и небезбедни, младите со хомо и бисексуална ориентација во Македонија манифестираат многубројни психосоматски и психосоцијални нарушувања, како: главоболки (39%), болки во грбот (29%), нерасположение (67%), раздразливост (47%), проблеми со спиењето (45%), вртоглавици, како и многукратни психосоматски симптоми (74%), секој со по два и повеќе пати зголемени вредности во споредба со нивните хетеросексуални врсници (табела 10). Чувствата на тага и безнадежност (47%), во континуитет од најмалку две недели, се карактеристика на психолошкиот профил на овие млади, кои во висока пропорција (30%) сериозно размислувале и за самоубиство. Во споредба со „чистата“ хетеросексуална мнозинска група, кај нив ризикот за прекинување со животот е три пати повисок - се констатира во истражувањето.

Сите овие податоци повторно ги ставаат во преден план традиционално усвоените обрасци на сексуално изразување и однесувања. Хомо и бисексуалноста, изразени преку привлечноста на првите вљубувања, остануваат надвор од рамките на традиционалната моралистичка сцена во Македонија, и како такви се сосема неприфатливи, исклучени опции. Како и да не постојат. Строго осудувани и прогонувани, особено меѓу припадниците на машкиот пол, а во одбрана на позицијата на доминација и моќ, со цел да се симне срамот и предавството на целиот машки род, хомо и бисексуалните склоности ќе бидат послабо изразени меѓу 15-годишните момчињата (2%), отколку меѓу девојчињата (5%). Можно е односот кон девојчињата да е полиберален, или тие да се помалку важни, па нивното однесување и да не е толку загрозувачко за „вистинските“ вредности на традиционалната македонска заедница. Сепак, сигурно е дека тоа не ги прави и побезбедни од момчињата, ако се потсетиме на сладостраста и заводливоста на лезбејството во кое, ни малку тајно, најмногу уживаат токму моралистите. Заклучокот е дека овие теми мораат да се отвораат и разменуваат навреме, наместо да се прикриваат и препуштаат на случајности, или на традиционалните моралистички идеологии и учења, кои замаглуваат и го окупираат просторот на автентично учество на младите во сопствениот живот и развој. Оттука и важноста за отворен и еднаков пристап на младите до навремени и целосни информации, и нивно активно вклучување во нивна обработка и размена. Наодите од студијата за 15-годишните ученици со рани сексуални искуства укажуваат на значајноста на сите овие прашања како претпоставка за здрав развој и правата на еднакви можности за подобро здравје на сите млади во Македонија. Имено, досегашната истражувачка евиденција и практики покажуваат дека сме далеку од претпоставките за еднаквост на сите деца во правата на информирање, заштита и учество. Традиционалната култура, со поларизираната хетеронормативна поставеност на родот и со фаворизирање на машката наспроти женската сексуалност, еднакво го загрозува здравјето и општата добросостојба и на двата рода. Истовремено, со својата исклучивост таа изолира и стигматизира значајна група ЛГБТ млади кои не се пронаоѓаат во зададените рамки, со што дополнително ги маргинализира, ставајќи ги во уште понерамноправна положба.

# Само храбрите и бестрашните може да успеат

МАРКО МАРКОВИЌ, ДЕВЕТТО МЕСТО ПО ИТ-ПИСМЕНОСТ НА СВЕТСКИОТ ШАМПИОНАТ ВО ОРЛАНДО, САД

Првото место кое го освои во Македонија му донесе пласман на финалниот шампионат што се одржа во Орландо, САД, каде што на светскиот натпревар во конкуренција од 120 учесници, Марко го освои деветтото место во категоријата „Мајкрософт пауер поинт 2013“



Во конкуренција на 1.430 кандидати, Марко Марковиќ го освои првото место за основна ИТ-писменост во Македонија. За да се закити со овој глобално признаен сертификат, заедно со преостанатите натпреварувачи, полагал точно 1.960 теста поврзани со програмите „Ворд“, „Ексел“ и „Пауер поинт“, во периодот од ноември 2015 до мај 2016 година.

Марко е средношколец во скопското училиште „Раде Јовчевски-Корчагин“.

Успехот кој го постигна во Македонија му донесе пласман на финалниот шампионат што се одржа во Орландо, САД, каде што на светскиот натпревар во конкуренција од 120 учесници, Марко го освои деветтото место во категоријата „Мајкрософт пауер поинт 2013“. За ова, вели, благодарен е на неговата професорка по информатика, Жаклина Прекиќ, која со уште двајца нејзини колеги подготвиле вкупно 80 ученици за тестирањето на државно ниво.

**МЕДИУМ:** Колку време се подготвуваше за државниот натпревар и дали подготовките беа напорни? Дали очекуваше ваков успех?

**МАРКО:** Се работи за натпревар по компјутерска програма која ја имав користено уште поодамна. Подготовките не ми одземаа повеќе од ден-два за натпреварот на државно ниво, но за светскиот шампионат посветив повеќе време, но не беше напорно.

Навистина не очекував вака голем успех. Бев пресреќен уште кога разбрав дека ќе учествувам на државниот натпревар, така што може да ја замислите мојата реакција кога дознав дека сум го освоил првото место.

Се сеќавам на моментот кога татко ми ме праша: „Ти се оди во Америка?“. Иако одговорив со одлучно „да“, многу мисли ми се вртеа во главата - знаев дека ме очекува нешто навистина големо. Беше потребна храброст за овој натпревар.

**МЕДИУМ:** Какви се твоите впечатоци од светскиот „Мајкрософт офис шампионат“ во Орландо? Стекна ли нови пријателства?

**МАРКО:** Никогаш досега не сум доживеал вакво искуство. Запознав различни култури и луѓе од сите страни на светот. Не само што беше поучно од аспект на ИТ-технологија, туку беше и едно навистина прекрасно животно искуство. Беше одлично организирано, сите беа коректни, забавни, пријателски расположени, особено најголем дел од натпреварувачите кои не се гледаа како конкуренција. Се спријателив со луѓе од Еквадор, Хондурас, Италија и од Филипините.

**МЕДИУМ:** Можеш ли да ни ја приближиш атмосферата од натпреварувачкиот ден?

**МАРКО:** Бевме сместени во хотелот „Хилтон“, каде што и се одржуваше целиот натпревар. Иако организаторите на натпреварот се обидоа да нè релаксираат со интересни прес-конференции пред почетокот на натпреварот, сепак тензијата не се намалуваше. Поради големиот број натпреварувачи беше одлучено натпреварот да се одвива во неколку круга. Имаше поставено околу дваесетина компјутери во една од многуте сали во хотелот, која беше исклучиво наменета за тестирањето. Сите од мојата група заемно се охрабрувавме пред почетокот на секоја сесија. Конечно, по три круга дојде и мојот ред. Иако се надевав дека ќе биде исто или барем слично како на државниот натпревар во Македонија, сè беше сосема поразлично. Бев сигурен во тоа што го знаев, но сепак стравот да не згрешам нешто ме обзема целосно. Конечно влегов во салата каде што беше натпреварувањето. Сето тоа беше убаво организирано и течеше како што испланирале организаторите. Ни ги поделија тестовите и сите започнавме на даден знак. Тие 50 минути, кои ги имавме на натпреварот, беа најбрзите 50 минути во мојот живот. Откако завршивме, тензијата падна и сите повторно се вративме на дружбата, очекувајќи го наредниот ден со нетрпение и посетата на фамозниот забавен парк „Дизниленд“.

**МЕДИУМ:** Значат ли постигнатите резултати нови можности за твојата иднина?

**МАРКО:** Првите три места од овој натпревар нудат стипендија за школување во Соединетите Американски Држави, но дефинитивно можам да кажам дека и со моите постигнати резултати се отвораат нови можности. Конкретно не како програмер, но дефинитивно се гледам себеси во светот на информатичката технологија.

**МЕДИУМ:** Какви спомени носиш од посетата на Орландо, САД?

**МАРКО:** Градот навистина ми се допадна - нивните градби, чистите улици, начинот како е организиран сообраќајот. Друго нешто што навистина ми се допадна беа луѓето, сите беа расположени и гостопримливи. Го посетивме и паркот „Дизниленд“, кој беше полн со луѓе од сите генерации. Атракциите и градбите од цртаните филмови на Волт Дизни беа донесени во реалниот живот. Сè беше како една бајка, таму престојувавме 12 часа, кои ни се чинеа како 20 минути. Навистина беше едно прекрасно искуство.

**МЕДИУМ:** Што би им препорачал на средношколците со слични стремежи и желби како твоите? Која е твојата формула за успех?

**МАРКО:** Би им препорачал да се храбри и да не се плашат да учествуваат на вакви и слични натпревари. Бесплатно е, а и нема што да се изгуби. Секој оној кој има желба и интерес во областа на информатиката, дефинитивно треба да учествува на ваков натпревар.

Лично немам формула за успех, но моја препорака до сите е да не престануваат да истражуваат, откриваат... „Сурфањето“ по Интернет е еден од главните фактори кои ми помогнаа да се стекнам со знаења.

## Би сакал да заминам во странство за поквалитетно образование

Марко Марковиќ вели дека сака уште еднаш да учествува на истиот натпревар, Светскиот шампионат по ИТ-писменост, но во друга област. Можеби ќе освои стипендија, која би му помогнала за професионално усовршување.

Тоа ми е предизвик. Ако имам можност за школување во странство, би сакал да ја искористам за да стекнам поквалитетно образование. Но во секој случај, сакам веднаш по средното образование да започнам со студии од областа на информатичката технологија - изјави тој.

Деспина Томашевска и Ива Цветковска, СУГС „Раде Јовчевски-Корчагин“

ДИМИТАР МИЛЦОВ, СРЕДНОШКОЛЕЦ-ХУМАНИСТ

# Среќен е кога помага и кога ги гледа насмевките на луѓето



Хуманоста му е на прво место, а сè што прави - прави со многу љубов. Димитар Милцов е средношколец во четврта година во гимназијата „Ванчо Прке“ во Виница и со своите успеси и добри дела е гордост на своите соученици, но и на поширокото опкружување. Уште како мал научил дека вистински вредности за самодокажување, но и усреќување на себеси и другите е ширењето на љубов и добрина. Досега има освоено многу награди на општинско и на меѓународно ниво. Оваа година беше ментор на екипата по прва помош на државно ниво при Црвениот крст. Го освоија првото место. Желбата за помагање на луѓето и ширење љубов меѓу нив ми се роди во седмо одделение, кога требаше да формираме екипа по прва помош. Прво учество, а веќе освоивме прво место. Дружбите продолжија преку кампот кој го добивме како награда. Ни за момент не зажалив што станав дел од тоа семејство - вели Димитар.

Освен тоа, Димитар е и едукатор за превенции од болести на зависности. Одржал околу тринаесетина предавања во основните и средните училишта во Кочани. Воедно, тој беше дел и од два помали проекта за ПХВ-циклусот на Црвениот крст, кои ја добија највисоката оцена. Станува збор за обука на волонтери кои потоа реализираат разни проекти.

Не можам да го опишам чувството кога ја гледаш насмевката на лицата на луѓето на кои си им помогнал. Дури мислам дека луѓето коишто помагаат, чувствуваат поголема среќа и задоволство одошто оние на кои им е помогнато - вели Димитар за неговите активности во Црвениот крст.Во 2013 година добил благодарница од Црвениот крст за волонтерски придонес во активностите на општинската организација од Кочани.Но Димитар, освен што е активен на полето на хуманоста, има успеси и на полето на музиката. Завршил нижо музичко образование во „Ристо Јуруков“ и освоил многубројни пофалници на натпреварите по хармоника. Ментор е во фолклорниот ансамбл „Љупчо Сантов“, со кој годинава исто така освоија прво место.

На прашањето што планира Димитар во иднина, тој одговори дека помагањето и ширењето љубов остануваат на прво место, но секако планира и да се кандидира за в.д лидер на Црвен крст. Во врска со понатамошното образование, сè уште е во дилема. Се надева дека наскоро ќе одлучи.

# ЈАС МИСЛАМ ВАКА

## Државата треба повеќе да ја финансира науката

Слабо образование, опаднат квалитет, недоволни ресурси, катастрофални учебници, недоволна плата за професорите, застарена опрема, големи казни, лоши реформи. Вака приближно изгледа јасната и вистинитата слика за науката и образованието во Република Македонија. Прашање е до каде ќе одиме, и дали сме свесни за тоа што се случува во нашата земја?

Јас лично, како ученик од мали нозе заинтересиран за наука, можам отворено да кажам дека под итно треба да се преземат мерки и да се спроведат правилни и функционални реформи во науката, но и во образованието. Дали вината треба да ја бараме во нас или и кај надлежните институции, односно кај Министерството за образование и наука? Во последниве години може да се забележат „драстични“ промени во образованието, како што е и воведувањето на нови „подобри“ реформи, кои не направија ништо особено и подобро, туку спротивното - образованието стана значително полошо. Тврдењата од Владата и од МОН се дека за науката и научните истражувања се издвојуваат доволно парични средства, дека новата програма на Кембриџ ќе им овозможи на учениците полесно да ја совладаат материјата, екстерното тестирање ќе го зголеми квалитетот во образованието, ќе се зголеми платата на професорите и многу други нешта. Македонија го достигнува дното по вложувањето во научниот развој, а научните истражувања се пред портите на колабирање.

Истражувајќи од различни видови медиуми, може да се заклучи дека Македонија го зазема 80-то место на ранг-листата од вкупно 144 земји според вложувањата и развојот на науката. Во еден извештај од институтот за статистика на УНЕСКО е наведено дека Македонија не смее повеќе да си дозволи да не вложува во истражување и развој на науката, затоа што ќе заостане далеку зад другите земји во Европа во економскиот развој.

Јас, како ученик, најмногу се интересирам за хемијата. Таа ми претставува задоволство и ќе ми биде приоритет понатаму во животот и затоа можам да кажам дека како наука не е доволно ценета во нашата држава. На вакви слични теми, поврзани со хемијата и науката во Македонија, постојано разговарам со еден од најдобрите хемичари во нашата држава - професорот и проректорот за наука, Владимир Петрушевски, кој и ми претставуваше инспирација за да ја засакам хемијата. Од него дознав дека државата со години нема дадено речиси ни денар за научно-истражувачките проекти, има недостиг од пари за одржување, хемикалии и кадар, кои претставуваат сериозен и тешко решлив проблем, па професорите мораат лично од својот џеб да одвојат пари за да можат да покријат дел од проблемите со кои се соочуваат.



Колку се вложува во развојот на науката и образованието во средните училишта?

Со годините што изминуваат може да се забележи дека средношколците при завршувањето на задолжителното образование, високото образование не сакаат да го продолжат во Македонија. Тие се изјаснуваат дека вложениот труд во факултетското образование е неисплатлив во нашата држава. И со моите соученици, кои се заинтересирани за науката, често дебатираме на темата - колку се вложува во развојот на науката во средните училишта?

- Искрено не знам колку се вложува во образованието, и не би можел да кажам некоја бројка, но можам да кажам дека колку и да се вложува, сигурно е малку и недоволно. Според мене, образованието не би требало да има одредена бројка или сума на пари. Едноставно мислам дека колку и да се побара, не треба да има лимит, затоа што сепак ние сме иднината на нашата држава, ние сме тие кои може да ја смениме на подобро - вели Ненад Милосављевиќ, мој соученик-пријател, со кој заедно ја делиме училишната клупа.

Ова што се случува во образовниот систем во последните години е навистина застрашувачко. За науката и за образованието државата мора да одвои доволно пари, наместо да ги троши на некои споменици и градби од стиропор кои чинат милијарди евра. А секако, толку пари не само што ќе дадат значајни резултати, туку и ќе овозможат и топол дом за секој човек во Република Македонија.

**Ален Вукосављевиќ, гимназија „Никола Карев“ - Скопје**

## Да не пиеме залудно кафиња, ајде да се издигнеме себеси



Ги полниме кафулињата, седиме на шанкови, редиме приказни една по друга. Пред часови - по часови, седнуваме на кафе, на што било, и така секој ден. Убаво е да имаме со кого да испиеме кафе, со кого да си го раскажеме денот. Барем имаме со кого да се насмееме од срце.

Но денес тоа се прави од навика, за да се оттргнеме од секојдневните обврски, од маките во главата. Зарем не мислите дека премногу трошиме време на непотребни кафиња? Кафиња кои ни го трошат времето, а ни малку не ни ги лечат срцата.

Добар дел од нас ги заборавија своите соништа. Заборавија да сонуваат. Недопиените пладневни кафиња се само дел од нивните начини на трошење на времето, да се избегнат вистинските обврски. А потсвесно ги спуштаме вредностите.И навистина го правиме тоа. Ајде, не велам не. Убаво е да си застанеш со човек со кој ти е добро. Но ајде секој ден да го „трошиме“ за да се подобриме себеси. Да вложиме труд, да ги издигнеме вредностите најпрво во самите себеси, а потоа - во нашата околина.

Залудно испиени кафиња, со по некоја вотка преку викенд, тоа е сè добро. Но не бидува да биде репризно. Оти луѓето денеска живеат репризи. Не живеат, туку преживуваат.

И не сум против кафето. И не сум против вечерниот муабет или понеделничкиот - за почеток на неделата. Но зарем не сме можеле половина од оставените кафиња да ги потрошиме на градење на самите себеси?

Ете, прочитајте некоја книга. Работете на вашиот ум, кој е токсично заразен од околината во која живееме. Или пак, на крајот од денот, ако веќе седнувате некаде каде што сте наумиле, направете муабет да просветлите нечија душа. Кажете неколку збора да разубавите нечиј ден. Кажете им за скршената љубов. Кажете им за последната книга што сте ја прочитале. Зборувајте за сè што ве исполнува, сè додека самиот разговор води кон некој напредок и промовирање на своите вредности. И поубаво ќе се чувствувате. Ајде да ги тргнеме сите токсични нешта кои нè опкружуваат и да се фокусираме на градење односи кои ќе ни донесат подобро утре.

Не живејте репризно. Не дишете репризно. На светот му се потребни луѓе кои не мора да го променат, но ќе дадат дел од нив за да се исчистат менталните отрови. Почнете да зборувате за идеи, а не за луѓе. Затоа што само малите луѓе зборуваат за луѓе, а големите луѓе зборуваат за идеи.

**Јован Илиоски, СОУГ „Кирил Пејчиновиќ“ - Тетово**

## Книжевноста е вредност и мора да се популаризира

Книжевноста и нејзиното семантичко постоење денес, може да се каже дека се малку заборавени. Во минатото, не толку далечно, беше синоним за научна дисциплина која го опфаќа постоењето на зборот, неговата креација, мислата. Она што можеше преку неа како носилка на мудроста да се пренесе како постојно знаење.

Книжевноста како вредност мора да се обнови. Впрочем, младите интелектуални сили треба да се носители на тие идеали кои треба да бидат повторно издигнати на некогашното рамниште. Она рамниште, пред човековиот ум целосно да се посвети на технолошко-електронската еволуција.

Книжевноста и сите нејзини мисловни и литературни рожби се кројачи на вистинскиот пат, вистинската насока, вистинскиот интелектуален идеал на кој човештвото е потребно да се врати. Моќта на литературата, моќта на зборот. Чувството кога со јагленот од моливот создаваме уметност, дела, живот на хартија, промени...

Целиот тој вител на промени раскажани низ литературата, целата историска генеза на животот, се наоѓа во архивите на вечниот чувар на мудроста. Литературата е мајка на сознанието, духовното богатство зачнато на парче хартија. Таа го означи почетокот на човековата цивилизација преку делата на оние кои ги нарекуваме пионери на човековата генијалност.

Тие луѓе преку зборот создаваа вредност, дела и наследство за нас. Зборот е првобитен архетип на литературата, со него започна сè, ама буквално сè.

Ете, ние постоиме и денес. Но дали создаваме вредности или толку едноставно ги прифаќаме самонаречените неоидеали? Размислувам и јасно ги претставувам моите мисли. Размислувањата се менуваат, но не треба и автентичноста на вредностите.

Затоа, потребно е возобновување на автентичната навика за читање кај луѓето, особено кај младите, како и проучување на тајните на книжевноста уште од нејзините древни почетоци.

Всушност, најмногу треба да се работи на популаризирање на вредноста на литературата и читањето. Во тоа е моќта на човештвото, а мислата како вредност може да биде почеток на многу промени.

*Елена Карпузовска, „Раде Јовчевски -Корчагин“*

## Паметната технологија треба да се користи паметно

Живееме во време кога сме ставени во искушение и се прашуваме како да ги зачуваме вистинските вредности кои треба да го красат човекот, како што се чесноста, миролубивоста, моралот, колегијалноста, емпатијата, но кои, за жал, сè повеќе ги губиме. Талкаме таму каде што не треба, сè ни е на дофат, па умот го ставаме на пауза и го користиме „паметот“ на паметните телефони, компјутерите и Интернетот. Без разлика што возрасните постојано ни зборуваат против тоа, нашите вештини во користењето на технологијата можеме да ги сфатиме и употребиме корисно, сепак технолошкиот развој има свои светли страни. Не е доволно само компјутерите и телефоните да се „паметни“, туку и самите ние. Треба да умееме и да ги употребиме како алатка во нашиот напредок, а не да дозволиме тие да нè контролираат нас. Неминовно, и технологијата и Интернетот постојано нè носат во еден поинаков свет, а наше е да не дозволиме да ни станат опсесија. Дури и најпознатиот физичар денес, Стивен Хокинг, предупредува дека човештвото како што брзо напредува на полето на науката и технологијата е исправено пред опасноста да се уништи себеси во следните 100 години. Како што изјави и тој, напредокот, секако, е добра работа, но исто така создава и нови начини за нештата да тргнат наопаку. Хокинг ги истакна нуклеарната војна, глобалното затоплување и генетички произведените вируси како можни предвесници на пропаста, па затоа предупреди дека следните 100 години се најопасни, бидејќи сме премногу технолошки напреднати, а немаме обезбедено прибежиште на друга планета. Затоа не треба да дозволиме технологијата да го изгасне жарот на умствената активност кај луѓето. Наместо да се изгубиме во она што го имаме и создаваме, треба да научиме да го користиме правилно.

**Нина Пискунова, СОУ „Ванчо Прке“, Виница**

ВЕСТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

# Интерактивна работилница за новинарство во гимназијата „Никола Карев"



Педесетина ученици од средното училиште „Никола Карев" во Скопје учеа како се прави весник и како се пишуваат вести. Предавањето за основите на новинарството го реализираа предавачи на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и новинари во дневниот весник „Нова Македонија".

На неколкучасовната работилница учениците се запознаа со тајните на новинарството, како работи една редакција, како се прават содржините во медиумите и кои се професионалните стандарди што треба да ги почитуваат новинарите. На интерактивната работилница учениците вежбаа пишување вести, кои потоа ги презентираа пред присутните учесници.

Средношколците учеа и за тоа како да станат медиумски писмени граѓани и колку е важно тоа за едно здраво демократско општество. Овој настан се организира во рамките на проектот „Коалиција за медиумска писменост", при што Високата школа за новинарство и за односи со јавноста и дневниот весник „Нова Македонија" секој месец ги посетуваат училиштата низ Македонија, држејќи предавања за новинарство и за медиуми, а реализацијата е овозможена со поддршка на Европската Унија.

Ж.В.

## СОВЕТУВАМЕ:

# Шест совети за побезбеден Интернет

Под мотото „Биди промената: Да се соединиме за побезбеден Интернет", на 7 февруари се одбележа Светскиот ден за побезбеден Интернет 2017. Во прилог неколку совети како сите да придонесеме за побезбеден Интернет.

**1. Биди промената**

Направи го Интернетот побезбедно место за сите, користејќи ја позитивната моќ на фотографиите и видеата.

**2. Биди љубезен**

Користи фотографии и видеа кои можат да имаат позитивно влијание и пред да споделиш нешто на Интернет размисли за последиците врз тебе или другите.

**3. Биди свој**

Размисли пред да објавиш нешто. Што кажуваат твоите фотографии и видеа за тебе? Дали си задоволен со прикажаната која ја раскажуваш? Она што ќе го споделиш на Интернет може да остане таму засекогаш, може да биде погрешно сфатено, а исто така може да се откријат и лични информации.

**4. Биди дигитален граѓанин**

Пријави онлајн-објави, вклучувајќи фотографии и видеа кои се навредливи, вознемирувачки и несоодветни. Обратете се на некој возрасен на кој му верувате ако нешто на Интернет ве загрижува.

Бидете сигурни дека знаете како и каде да пријавите злоупотреба на социјалните медиуми.

За дополнителни информации проверете ја страната https://www.saferinternet.org.uk/advice-centre/social-media-help.

**5. Размислувај критички**

Гледањето не е верување. Кога ќе видите нешто онлајн, погледнете ја целата слика. Не сè што ќе видите на Интернет може да биде верно.

**6. Биди безбеден**

Никогаш не се согласувајте да се сретнете во живо со некој што го познавате само онлајн. Без разлика колку пријателски изгледа и колку и да сметате дека го познавате, сепак е странец. Секогаш информирајте некој возрасен при онлајн-барање за средба.

## СТРИП



**Автори:**
- Дамјан Ефремовски, Лука Стојановски, Методија Стојановски, Теа Мисевска, Емил Цветковиќ, Константин Соларски и Бојан Стојановиќ - Куманово.



**Фасилитатор** - Милан Димитриевски

**Нацртал** - Методија Стојановски

**Во соработка со „Стрип-центар на Македонија"**

www.comicscenter.mk

Во соработка со Стрип центар на Македонија

## КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

# КОНКУРС ЗА НАЈДОБАР МЛАД ПРЕВЕДУВАЧ „ВАВИЛОН 2017"

Делегацијата на Европската Унија во соработка со Здружението на преведувачи (ЗПРМ) повикува на учество на конкурсот за најдобар млад преведувач „Вавилон 2017".

Конкурсот е отворен за преведувачи не постари од 26 години, а пријавените текстови мора да бидат преводи, извадоци од литературни дела: роман, новела, расказ или документарна проза, на кој било од 24-те службени јазици на Европската Унија. Ќе бидат доделени награди за секој од јазиците на кои ќе пристигнат пријави и ќе се состојат од 500 евра парична награда, годишно членство во ЗПРМ и објавување на преводот, во целост или делумно, во списанието „Културен живот". Пријавувањето трае до 3 април 2017 година.

Повеќе информации на интернет-страницата: http:/euic.mk/nastani-2016-ns_article-konkurs-za-najdobar-mlad-preveduvac-vavilon-2017.nspx.

# ФОТОНАТПРЕВАР при Францускиот институт во Скопје

Францускиот институт во Скопје во соработка со Телевизија 5 Монд ги повикува сите заинтересирани да учествуваат на фотографскиот натпревар насловен како „Et en plus, je parle francais!" („Исто така, зборувам француски!"). Учесниците треба да испратат своја слика во оригинален и автентичен амбиент, со печатен плакат со слоганот „Et en plus, je parle francais!". Сликите треба да ги испратат по Wetransfer на мејлот: culture@ifs.mk и истата да ја објават на социјалните мрежи (Фејсбук, Твитер, Инстаграм), внесувајќи ги двата хаштага: #EtEnPlusJeParleFrancais et #ЗборувамФранцуски.

Еден учесник има право на учество со само една фотографија. Пријавувањето трае до 10 март 2017 година.

Повеќе информации на http://www.ifs.mk/mk/Home/Frankofonija-Content/1818.

# Конкурс за загрозените култури во светот

Кинеската фолклорна фотографска асоцијација заедно со УНЕСКО ги поканува сите вљубеници во фотографијата да учествуваат со свои фотографии на конкурсот за фотографија – THE HUMANITY PHOTO AWARDS 2017. Фотографиите за конкурсот треба да истражуваат загрозени култури во светот, да ги следат еволуциските промени на културите и да ги претставаат светските култури со цел подобро меѓусебно разбирање.

Победниците во сите категории ќе добијат парична награда во вредност од 2.000 долари и ќе бидат поканети да присуствуваат на свеченото доделување. Пријавувањето трае до 15 април 2017 година. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu/2016/10/13/embracing-differences-competition/.